РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
28-07-2022 Бр.-Nr. 02-822/14
20___ год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
СКОПЈЕ
Бр . 08-3017/2
28.07.2022 год.
С К О П Ј Е

# ДОГОВОР

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА , ДВИЖЕН И НЕДВИЖЕН ИМОТ И ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД АВТООДГОВОРНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Дел 3- колективно осигурување (неживотно осигурување)

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер **Јованка Тренчевска**, во понатамошниот текст: Договорен орган, од една страна и

2. **Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА,Скопје**, со ЕМБС 5983681 со седиште на бул. Климент Охридски бр.26, 1000 Скопје, застапувано од Генерален директор Владимир Тошевски, во понатамошниот текст: Носител на набавката, од друга страна.

## ПРЕДМЕТ И РОК НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е осигурување на лица, движен и недвижен имот и осигурување на моторни возила од автоодговорност за потребите на Министерство за труд и социјална политика, а согласно техничката спецификација која е составен дел од тендерската документација користена во постапка започната со оглас бр.07736/2022.

Со овој Договор, Договорниот орган и Носителот на набавката ги регулираат своите права и обврски согласно спроведената постапка за јавна набавка од мала вредност за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Закон за осигурување ) кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор за дел 3 – колективно осигурување (неживотно осигрување) врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-822/2 од 04.05.2022 година, одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-822/11 од 29.06.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од најповолниот понудувач (носител на набавката) со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.



[1] 08-3017/2 [2022]

Осигурувачот ги осигурува ги осигурува вработените кои дале согласност да бидат осигурени, согласно општи и посебни услови за осигурување и меродавните премиски системи на осигурувањето доставени во постапка за јавна набавка со оглас број 07736/2022 составен дел на понудата доставена од економскиот оператор на ден 10.05.2022 година. И истото важи 24 часа во текот на денот.

Со овој договор осигуреникот се стекнува со право во случај на настанување на штетен настан истиот да му биде исплатен соодветно на Условите за осигурување.

Овој Договор се склучува за период од една година, сметано од денот на издавање на полисите.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Вкупната вредност на договорот изнесува 105.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 0,00 денари.

Месечна премија по лице изнесува 100,00 денари (цената од спроведена е-аукција ) .

| Р.б | ОСИГУРЕНИ РИЗИЦИ | ОСИГУРЕНА СУМА | Месечна премија по лице |
|---|---|---|---|
| 1 | Смрт од последица на несреќен случај | 500.000,00 | 14,00 |
| 2 | Траен инвалидитет | 1.000.000,00 | 27,00 |
| 3 | Делумен инвалидитет | 1.000.000,00 | 27,00 |
| 4 | Дневен надомест | 150,00 | 24,00 |
| 5 | Трошоци за лекување | 50.000,00 | 8,00 |
| | Вкупно | 2.550.150,00 | 100,00 |

Вкупната вредност на договорот е променлива и ќе зависи од бројот на осигурени вработени на месечно ниво.

Носителот на набавката е должен договорените услуги за колективно осигурување да ги извршува континуирано за целото времетраење на договорот, а премијата да ја фактурира на 12 месечни рати.

Бројот на вработените е моментален број на вработени кои ќе се осигуруваат на овој начин и истиот може да се менува во текот на реализацијата на договорот од најмногу 20% од вкупниот број на вработени даден во техничка спецификациија (22 вработени).
Носителот на набавката се обврзува сите дополнително вклучени вработени да ги осигура под исти услови и премии кои се договорени со овој Договор.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 3

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- извршена услуга(вид и спис)
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, КАЗНЕНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши по доставена фактура во архивата на Договорниот орган од страна на Носителот на набавката.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот рок се засметува законска казнена камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

### Член 5

Носителот на набавката нема право на промена на цената за времетраењето на Договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека стручно, професионално и квалитетно ќе го врши предметот на овој договор, односно ќе ги изврши услугите опишани во член 1 од истиот во рок од една година од издавање на полисите за истите.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда и ќе ги достави полисите за осигурување до Министерство за труд и социјална политика во рок од 5 дена од денот на потпишување на договорот .

Носителот на набавката е должен договорените услуги за колективно осигурување(неживотно осигурување) на лица од последици на несреќен случај предвидени во табелата во член 2 од овој договор да ги извршува континуирано за целото времетраење на договорот а премијата да ја фактурира на 12 месечни рати.

Бројот на вработени е моментален број на вработени кои се осигуруваат на овој начин и истиот може да се менува во текот на реализација на договорот. За таа цел овластеното лице за реализација на овој договор кај Договорниот орган се обврзува на месечно ниво да достави информација за бројот на вработени на месечно ниво во текот на периодот на осигурување.

При настанување на осигурен случај, Осигуреникот е должен да го извести Осигурувачот со писмено потврдување на настанатиот осигурен случај (пријава за несреќен случај/незгода доставена со понудата).

По исклучок доколку определен штетен настан не е исто или слично опфатен со Табелата за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај/незгода, ќе важат Општите услови за осигурување на лица од последица несреќен случај/незгода.

Носителот на набавката е должен осигурената сума по настаната штета да ја исплати на осигурениците најрано во рок од 10 (десет) дена од моментот на настанување на штетата, во целосен износ без оглед на наплатата на премијата од страна на Договорниот орган.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува дека ќе ја исплати вкупната цена за извршената услуга - предмет на овој договор, која е определена во член 2 од истиот и на начин определен во член 4 од договорот.

**Член 8**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши услугата согласно прифатената понуда во рокот

определен со овој договор, истиот е согласен на договорна казна во висина од 0.05% од цената утврдена во член 2 од овој договор за секој ден доцнење.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја пресмета и ќе ја одбие од цената определена во член 2 од истиот.

Лице одговорно за реализација на договорот кај Договорниот орган е Милена Китановска или друго лице овластено од Министер.

Лицето задолжено за реализација на договорот кај Договорен орган, се обврзува на месечно ниво да достави информација за бројот на вработени во текот на периодот на осигурување.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 9**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 10**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 11**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни обврската може да се даде дополнителен рок за нејзино исполнување доколку можностите го дозволуваат тоа, а чија должина ќе зависи од природата на работата.

**Член 12**

Носителот на набавката се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 13**

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој тој инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 14**

Поради неисполнување на обврските од страна на носителот на набавката договорниот орган има право на надомест на обична штета и испуштена корист.

Договорниот орган ако се повика на повреда на договорот е должен да ги превземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда,инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

**Член 16**

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 17**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 18**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 19**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти писмено на другата договорна страна без одлагање.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 20**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 21**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| **Министер** | **АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА** |
| Јованка Тренчевска | Владимир Тошевски |
| ______________ | ______________ |
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |

Изготвил:Маја Д. Пешевска
Согласен: Славица Костовска
Контролирал: Љубица Пањова